*Сè почна од еден обичен повик за пост, упатен од страна на Струмичкиот Митрополит Наум и објавен во медиумите на седми јуни 2003 година.*
*Како реакција на ова соопштение најпрво се појавија неколку написи во весниците, а потоа и медиумска блокада кон Владиката Наум.*

## *Реакција на Црквата по повод сè што деновиве се објави и не се објави во медиумите*

Сето ова се случува во еден крајно чувствителен и деликатен историски момент. Како Црква и како монаси, ние не водиме војна со луѓе, туку со силите на поднебесието… Тоа е карактерот на духовната војна водена во христијански дух: ако те удрат по левиот образ, сврти го и десниот. Злото се победува со кротост. Со љубов, трпение. Затоа во вакви моменти трпеливото поднесување на ударите има сила поголема отколку обичното, вербално демантирање на одредени обвинувања. Колку сега, во овој историски момент Го распнуваме Господ со нашите меѓусебни расправии, нашата локална нељубов? И што да се прави? Ние кои сме Христови немаме друг избор, освен да бидеме такви каков што е Он. А Господ рече: *Блажени сте вие, кога ќе зборат лажно за вас заради Моето Име....* Иако беше Господ, Он Самиот претрпе распнување. Потребно е само да се биде мудар во мигови кога се водат такви жестоки кампањи за манипулација со јавното мнение, во лонецот на медиумската војна. Потребно е точно да се знае кој, во името на што застапува одреден став.

*Оти како инаку да бидеме „мудри како змии и кротки како гулаби...”?*

Изминаа седум години од ова толку споменувано „возобновување” на монаштвото во Македонија, во МПЦ. Но во лицето на ова сегашно монаштво само се актуелизира севкупната измината, долговековна традиција на нашиот народ како Црква. Неговите културни и духовни вредности, неговата самобитност и автентичност што јасно го издвојува и го разликува од сите други народи во светот. Народ со силна монашка традиција, од чие што лоно се изнедрија многу светители во Православната Црква.

Апостол Павле на едно место вели „станавме театар на светот”, и овие зборови го погодуваат македонското монаштво in medias res тогаш кога тоа смирено го подига крстот на народот и го става на својот грб. Живееме во момент кога се бориме за признавање на нашата држава и Црква, за легитимно прибројување во семејството на останатите европски држави, а во однос на Црквата, признавање од страна на останатите помесни Православни Цркви. Господ секако дека ќе ни помогне, но дури и Он е немоќен сè додека ние самите го немаме стекнато а потоа и надминато она ниво на свест што не може да се прескокне во процесот на созревање: свеста за нашето внатрешно меѓусебно единство.

Од Уредникот





Во продолжение ... ќе ги проследите:
Посланието, Демантот (објавен во дневниот весник „Вест” и на ТВ Сител), како и Писмото до Новинарите, необјавено. . .

До

Медиумите за јавно информирање
во Струмица

**ПОСЛАНИЕ**

до чесното презвитерство, во Христа ѓаконство, преподобното монаштво и православниот народ на Струмичката Православна Епархија

*Благочестиви христијани на Струмичката Епархија*
*на Македонската Православна Црква, мои духовни чеда,*

Следејќи ги актуелните случувања во животот на нашата Црква, Ние, Митрополитот Струмички г. Наум, според власта што ни е дадена од нашиот Господ Исус Христос да раководиме со соборот на верните, односно со Неговата Црква, ви укажуваме на следново: сите актуелни случувања по животот на нашата Црква во нас предизвикуваат голема болка и жал, затоа што чувствуваме дека се водени од неевангелски мотиви и неевангелски цели, што пак се поттикнувани од непријателот на делото Божјо.

Затоа, спомнувајќи си за Христовите зборови дека „овој род се истерува само со молитва и пост”, определуваме од понеделник, 09 јуни 2003 г., до петок, 13 јуни 2003 г, да биде прогласен пост на територијата на целата Струмичка Епархија, и тоа на следниов начин: верниците, православниот народ, да пости на зејтин, освен среда и петок кога постот ќе биде строг, односно без зејтин, а монаштвото во манастирите од понеделник до петок да пости строг пост.

Во овој пост нашата молитва покрај за покајание да биде и молитва за просветување, мир и единство, што значи:

- За просветување на сите оние што, во своето незнаење, мислат дека ја бранат нашата вера и Црква со тоа што ги обвинуваат своите Епископи и објавуваат разни невистини во пишаните и електронски медиуми. Тие заборавaат дека со сето ова се нанесува огромна штета како за нашата Црква, за нашата вера, така и за нивните души, бидејќи самите себеси се поставиле за судии во нешто што не го разбираат и во нешто во коешто воопшто не учествуваат: со пост, со молитва, со исповед и со Света Причест. Затоа, да се помолиме нив Господ да ги просвети и да им покаже дека нивното наводно залагање за нашата Македонска Православна Црква е всушност на нејзина штета.

- За мир, Господ да ги одврати Српските Архиереи од нивната намера да формираат паралелна Црква во Р. Македонија и со тоа да создадат голема соблазна меѓу нашите православни народи и радост за непријателот на нашата вера. Да ги врати љубовта и мирот меѓу нашите Свети Цркви и меѓу нашите два братски народи.

- За единство, затоа што сите Православни Цркви, без разлика кој географскиот простор го зафаќаат под своја јурисдикција и без разлика кој народ живее на тој простор, се повикани од сите народи да направат еден народ, народ Божји, чиј пастир е Господ - Богочовекот Исус Христос.

Господ да погледне милостиво на делата на Своите Раце и да ни дарува да се решат сегашниве проблеми на начин којшто сите ние го посакуваме, а тоа е признавање на нашата Автокефалност и признавање на нашето име Македонска Православна Црква.

Еднонеделниов пост нека ни биде и подготовка за претстојниот празник, Слегувањето на Светиот Дух на Светите апостоли, Педесетница. Амин.



## *Новинари, ...некои*

Ние во манастирте така живееме: со пост и молитва, за сите луѓе, па и за оние што не нè сакаат. Таков ни е Господ и таков ни е патот. Посланието беше за народот, да се учи да љуби: *да се помолиме за просветување на сите оние што во своето незнаење мислат дека ја бранат нашата вера и Црква со тоа што ги обвинуваат своите Епископи и објавуваат разни невистини во пишаните и електронски медиуми. Тие заборавaат дека со сето ова ѝ се нанесува голема штета на нашата Црква, на нашата вера, и на нивните души, бидејќи самите себеси се поставиле за судии во нешто што не го разбираат и во нешто во коешто воопшто не учествуваат со пост, со молитва, со исповед и со Света Причест...* И од сите оние без име, општо посочени, одеднаш вие, со голема врева се појавивте, со сите генералии. Тоа народот го нарекува - ’мува на капа’! Па згора на сè и медиумска блокада за Владиката Наум. Тоа ли е загарантираната уставна слобода за јавно информирање?

Да не си помисливте можеби дека ќе ме исплашите? Не - само покажавте колку молитвата вам, всушност, ви била потребна. Не е можно да се молам за вас а истовремено и да се плашам од вас. И редно е некој во Македонија да ви каже дека не сте толку страшни како што се правите. Само гревот е страшен, тој го дели човекот од живиот Бог. Ниту пак можам да ве мразам кога веќе се молам за вас. Молитвата и омразата не одат заедно. Единствено ми е жал што не се познаваме, иако вие мислите дека ме знаете. За тоа, простете, сигурно сум и јас виновен. Молете се. Молитвата ни ја открива личноста на човекот.

Но морам да ви кажам и овојпат, како и по којзнае кој пат, некои од вас само потврдија дека е вистина она што го велам, дека со начинот на којшто се пишува и говори за Црквата не му се помага на овој народ да стигне до Бога. Не обидувајте се да ги изгаснете, грижете се за светилките на патот! Предрасудата што ја создавате најмногу ја отежнува мисијата на Црквата во Македонија, колку да знаете. А односот со Господ е личносен, без посредници. Посредникот најчесто насилно се наметнува и покажува во погрешна насока, кон себе како последен идол. Тоа разединува и разградува. Со која цел ова се прави?

Уште една мака има: неподобноста на пастирите. За тоа не би зборувал, тоа е во ваша власт. Но кога ќе се појави добриот Пастир, а тој не е посредник туку е водач - е тука вие ништо не можете. Магијата на посредникот исчезнува во случувањето на средбата со водачот. Сите стоиме пред истиот суд, тука нема лага. Или некој го бива, па слободно ќе му пријдат и ќе привлече околу себе луѓе, народ - или не го бива. Присуството на Вистинските секогаш е сведоштво во сила, којашто ослободува. А слободата е неодоллива. Тоа обединува.

Од мене толку. А вие правете што ќе правите. Господ нека е со вас. Тој е пастир на нашите души. Амин.

*ДЕМАНТ*

*НА ЕДЕН ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРИЛОГ*



По повод прилогот што вчера навечер беше емитуван во Дневникот на една скопска телевизија, ги посочуваме следниве забелешки:
Не е точно дека Митрополитот Струмички г. Наум на новинарката ѝ изјавил дека неговата епархија ја напуштиле четворица монаси, од кои двајца заминале во манастири во Србија, еден во Бугарија, а друг во Грција, бидејќи такво нешто воопшто се нема случено. Исто така тврдиме дека ниту еден монах или искушеник од кој било манастир на МПЦ не заминал во некој од манастирите насоседните земји.

Што се однесува пак до нашето духовно чедо В., јавно го изразуваме нашето мислење дека таа е една прекрасна млада личност, која откако се испита самата себеси, својата вера во Богочовекот Христос слободно одлучи да ја посведочи живеејќи во светот, а не во манастир. Овој случај е уште една потврда на вистината којашто толку време ја говориме и со живот ја сведочиме: дека единствена здрава основа за влегување и останување во манастир или за излегување од него е само слободната волја на личноста. Сепак, непобитен факт е и тоа дека многу повеќе млади и храбри луѓе доаѓаат и остануваат во манастир отколку што си заминуваат. Само во Струмичката Епархија во последните две години отворени се четири нови манастири: два во Берово, еден во Стар Дојран и еден во село Банско, во струмичко.

Како Црква многу нѐ загрижува обидот возобновувањето на монаштвото на МПЦ да се поврзува со некаква конструирана пракса на заведување. Подложноста на заведување е одлика на слабиот дух. Многу луѓе се денеска заведени и заробени од своите душевни и телесни страсти, среброљубие и сластољубие. Атеизмот, ереста и славољубието се страсти што го заведуваат и заробуваат човекот на планот на умот. Преку исполнувањето на Божјите заповеди и преобразувањето на страстите Црквата му овозможува на човекот да се ослободи од ова ропство. Монаштвото пак како совршен подвиг во Црквата е онтолошки бунт против секој вид на заведеност.

Затоа прилогот на Споменатиот, со неговите двосмислени конструкции, го оценуваме како уште еден обид да се фрли сенка на сомнеж врз секојдневниот напорен подвиг на младото македонско монаштво цврсто да се втемели. И уште еднаш добронамерно сакаме да потсетиме дека Црквата не е поле на кое може да се собираат политички поени во предизборниот период и дека никој не може да го напаѓа монаштвото на МПЦ а истовремено да тврди дека ја штити нејзината автокефалност, бидејќи монаштвото е единствениот вистински аргумент на којшто како Црква се повикуваме кога бараме признавање на нашата автокефалност од другите помесни православни Цркви. Црква без монаштво е како дрво без плодови. Од монашките редови се избираат и епископите на нашата Света Црква.

Возобновувањето на монаштвото на МПЦ е единственото ново што му се случило на македонскиот народ во 20 век. Сѐ друго е видено. А новите генерации монаси ќе бидат главната придвижна и ударна духовна сила на македонскиот народ, на македонската држава и на МПЦ во тешките времиња на самопотврдување што ни претстојат. За еден народ да опстане, тој треба да има нешто свето. Оставете за македонскиот народ тоа ’свето’ да биде ако ништо друго барем монаштвото.

Од Кабинетот на Струмичкиот Митрополит
г. Наум